**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**25 јуни, 2008**




Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД објавува дека Република Македонија со вкупна оценка 3,86 е рангирана на 15-то место на листата во годишниот Извештај на меѓународната невладина организација „Фридом Хаус“ за степенот на развојот на демократијата меѓу 30-те држави во транзиција од Европа и Централна Азија во 2007 година.

Во документот се посочува дека од независноста на Македонија во изминатите 17 години меѓуетничките односи и малцинските права беа на врвот на домашната политичка агенда, во услови кога меѓу македонските политички партии постои консензус за изградба на пазарно ориентиран демократски политички систем и за членство на земјата во ЕУ и НАТО. Во извештајот се посочува дека политички систем во Македонија е стабилен и не е загрозен од немири или војна, но се потенцира дека во текот на минатата година „генерално постоел недостиг на соработка“ меѓу Владата и претседателот Бранко Црвенковски, што наиде на критики од страна на меѓународната заедница. Поради ова оценката за демократстото владеење во земјата изнесува 4,00, што претставува влошување во споредба со 2006 година за 0,25 .

Во делот од извештајот што се однесува на изборниот процес се наведува дека во Македонија постои универзално право на глас на слободни и фер избори со тајно гласање, како и дека изборниот систем не содржи големи ограничувања за политичките организации при нивна регистрација. Во документот се наведува дека во текот на минатата година Владата предложила промена на изборниот систем со кој би се обезбедиле десет загарантирани места за припадниците на помалите етнички заедници, како и три места за дијаспората. Изборниот систем во Македонија е оценет со 3,25 и е непроменет во однос на претходната година.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

Во врска со граѓанското општество во документот се потенцира дека уште од независноста во 1991 година, Македонија стана плодна почва за развој на граѓанскиот сектор, при што во моментот постојат околу 5.800 невладини организации. Сепак, учеството на граѓаните во невладиниот сектор е многу мало, на што можеби влијае и фактот дека според анкетите, само 45 проценти од населението имаат доверба во невладините организации, се истакнува во извештајот. Развојот на граѓанското општество, како и во 2006 година е оценет со 3,25.

„Фридом Хаус" оценува дека публиката во Македонија има можност да избира меѓу голем број печатени и електронски медиуми, како на локално така и на национално ниво. Сепак, во извештајот се наведува дека минатата година имало неколку физички напади врз претставници на медиумите, при што во еден од случаите биле инволвирани претставници на ДУИ, а во друг припадници на специјалната единица Алфи. Оценката за степенот на слободата на медиумите во Македонија во 2007 година е иста како и пртходната година - 4,25.

Развојот на локалната самоуправа е оценет со 3,75 и во овој дел од извештајот се потенцира дека во текот на минатата година Парламентот донесе нов Закон за рамноправен регионален развој, кој би требало да се реализира во текот на 2008 година. Како особено позитивен факт се наведува намалувањето на јавниот долг на единиците на локалната самоуправа за половина.

Обезбедувањето независност и ефикасност на судството и натаму останува главен предизвик за Македонија, но засега не постои консензус меѓу власта и опозицијата за спроведување на реформите, се наведува во извештајот, со оценка дека постои сериозен застој во спроведување на реформите во судството. Во овој дел оценката во 2007 година е влошена на 4,00 од 3,75 во 2006 година.

Подобра оценка во однос на претходната година Македонија има во делот посветен на борбата против корупцијата, при што се потенцира дека е постигнат напредок од страна на новата влада во справување со корупцијата и дека борбата против оваа појава е еден од владините политички приоритети. Во документот се наведува дека минатата година започна јавната антикорупциска кампања „Македонија без корупција", како и дека е отворен специјален број за пријавување на случаи на корупција. Во овој дел оценката на Македонија е подобрена од претходната 4,75 на 4,50.

Како главни приоритети на Македонија за 2008 година во извештајот се посочуваат очекувањата за членство во НАТО, како и за добивање датум за почеток на преговорите за зачленување во ЕУ. Во целина 2008 ќе биде критична година во која Владата ќе мора да демонстрира лидерство во спроведувањето на реформите со цел да ја придвижи Македонија кон членство во ЕУ, се заклучува во извештајот.

Своите оценки „Фридом Хаус" ги дава на скалило од 1 до 7, при што 1 претставува највисока, а 7 најниска оценка.